Бр. 12-324/8
15.03 год. 2019

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
## - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на четвртата седница одржана на ден 07 март 2019 година донесе

**Одлука**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема надлежност, односно нема елементи за нејзино надлежно постапување во предметот со број 12-324/1 од 11.02.2019 година.

Предметот со број 12-324/1 од 11.02.2019 година да се затвари и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави писмено известување за постапувањето и за заклучокот донесен од страна на Државната комисија, со упатување кон друг орган надлежен за предметниот случај.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-324/1 од 11.02.2019 година е оформен врз основа на пријава доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) од познат подносител – физичко лице.

Со пријавата се изразува незадоволство и воедно се укажува на попречување, на подносителот на пријавата, во остварувањето на неговите права од работен однос и на правата од пензиското и инвалидското осигурувње - во подолг временски период, од страна на неговиот работодавач -----------, како и од службени лица од ----------------.

Кон пријавата се доставени и дополнителни поднесоци – дополна бр. 12-324/2 од 27.02.2019 година, писмено бр. 12-342/3 од 05.03.2019 година, кривична пријава бр. 12-324/4 од 06.03.2019 година.

Постапувањето по предметната пријава ДКСК го отпочна на својата четврта седница одржана ден 07.03.2019 година, кога е донесен заклучок да се отпочне постапка по предметот, како и заради разјаснување на одредени околности по однос на фактичката состојба во конкретниот предмет, да се оствари средба со подносителот на пријавата, лицето ---------- ----------- од Скопје, односно и работен состанок со претставници од ------------------- на Република Северна Македонија од Секторот ---------------- Скопје.

Последователно, според донесениот заклучок, истиот ден, 07.03.2013 година – по одржување на седницата, остварен е телефонски контакт со подносителот на пријавата при кое истиот е повикан да дојде во просториите на ДКСК за одржување на средба со претставници на ДКСК и претставници на надлежниот орган во конкретниот случај.

Одржувањето на средбата/работна средба со претставниците на надлежниот орган во конкретниот случај е предложено, договорено и потврдено со електронска преписка – електронски пораки од 11.03.2019 година и 12.03.2019 година, а средбата од објективни причини е закажана за ден 13.03.2019 година.

На денот предвиден за средба, односно работна средба со подносителот на пријавата и со претставниците на надлежниот орган – 13.03.2019 година, на закажаната работна средба со три лица претставници на ДКСК пристапија две лица претставници на надлежниот орган.

На работната средба, иако беше уредно повикан на ден 07.03.2019 година, не пристапи подносителот на пријава до ДКСК – лицето -------- ---------.


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Во телефонски разговор со претставник на ДКСК, а при присуство на сите, погоре наведени лица подносителот на пријавата не ги изнесе причините за недоаѓањето на закажаната средба и изјави дека нема да присуствува на истата.

Во текот на работната средба, претставниците на надлежниот орган се запознаа, во кратки црти, со дел од наводите од пријавата доставена до ДКСК, како и со причините за поднесување на истата, а пред се со неможноста на ДКСК да постапи според барањата на подносителот по однос на остварувањето на неговото право --------------за што е надлежен -----------, со напомена дека подносителот на пријавата барање за остварување на предметното право нема поднесено, односно не поднесува од нему познати лични причини.

За одржаната работна средба е сочинета службена белешка од ден 14.03.2019 година.

Наспроти, неодзивањето на поканата за средба, како што е погоре наведено, подносителот на пријавата, на истиот ден на кој средбата е закажана, во архивата на ДКСК доствува(ил) уште еден дополнителен поднесок кривична пријава- во фотокопија, кај ДКСК заведена под. бр. 12-324/5 од 13.03.2019 година, против претседателот на ДКСК и други лица поранешни претседатели и др. лица во ДКСК, од која е видно дека е насловена/упатена до Основното јавно обвинителство во Скопје, што на одреден начин пстапувањето на ДКСК го чини беспредметно.

Последователно, по остварената работна средба, во постапувањето по предметниот случај во целина од ДКСК се имаше во предвид и фактот дека сметано од 2012 година и понатаму, до сега, ДКСК во два наврати примила и постапувала по исти или слични пријави од истиот подносител, за иста или слична фактичка состојба.

Врз основа на сите околности на предметниот пријавен случај ДКСК не утврди повреда на одредбите од Законот за спречување на корупцијата („Службен весник на Република Македонија„ бр. 28/02, 46/04, 126/06, 10/08, 161/08,145/10, 97/2015 и 148/2015) и не утврди повреда на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019).

Според ДКСК за предметниот случај се надлежни други органи во Република Северна Македонија – надлежното јавно обвинителство и Основниот суд Скопје 1 во Скопје, како и - во делот на оставрувањата на правата од работен однос, правата од пензиското и инвалидското осигурување или на правата за евентуален надомест на штета - Основниот суд Скопје 2 во Скопје, па оттаму и се упатува подносителот на пријавата заштита на своите права да побара и да остварува со правни средства пред овие надлежни органи.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk